Промоција на безбедна училишна средина
Проект поддржан од Детската фондација Песталоззи

# ЈАВЕН ПОВИК
# ЗА
# АНГАЖИРАЊЕ
# НА
# АГЕНЦИЈА ЗА ВИДЕО ПРОДУКЦИЈА

# ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ПРОЕКТОТ

# „ПРОМОЦИЈА НА БЕЗБЕДНА УЧИЛИШНА СРЕДИНА"

Февруари 2026, Прилеп

Pestalozzi Children's Foundation
СЕГА Коалиција на младински организации www.sega.org.mk
smartup
MACEDONIAN CIVIC EDUCATION CENTER

**Коалицијата на младински организации СЕГА, за потребите од спроведување на проектот „Промоција на безбедна училишна средина“, поддржан од Детската фондација Песталоци, објавува**

**ЈАВЕН ПОВИК**
**ЗА**
**ЗА АНГАЖИРАЊЕ НА АГЕНЦИЈА ЗА ВИДЕО ПРОДУКЦИЈА**

## 1. ОПИС И ЦЕЛИ НА ПРОЕКТОТ

Коалиција на младински организации СЕГА во партнерство со Македонскиот Центар за Граѓанско Образование, Прва Детска Амбасада во Светот МЕЃАШИ и СМАРТ АП - Лабораторија за социјални иновации, со поддршка од Детската Фондација Песталоци, го спроведува проектот „Промоција на безбедна училишна средина“, во периодот септември 2023 – август 2026 година.

Целта на проектот е да придонесе кон остварување на правото на децата за квалитетно образование во безбедна и партиципативна училишна средина. Оваа цел ќе се постигне преку (1) подобрена имплементација на законските одредби за ученичко учество во процесите на донесување одлуки и заштита на децата, (2) зајакнати капацитети на основните и средните училишта за превенција и справување со насилство и (3) примена на наставни методи и техники кои поддржуваат и промовираат заштита, учество и еднакви можности за сите ученици и ученички. Проектот се спроведува во соработка со Министерството за образование и наука.

## 2. ЦЕЛ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

Овој повик има за цел да ангажира професионална агенција за видео продукција која ќе изработи видео со успешни приказни и сведоштва од учесниците во проектот, односно во основните и средните училишта кои се дел од проектот. Продуктот треба да ги рефлектира постигнатите успеси од периодот септември 2023 – март 2026 година, на тема превенција и справување со врсничко насилство во училиштата. Видеото е предвидено да се промовира на проектните настани и да се дисеминира до општата јавност воглавно преку социјалните медиуми.

## 3. ОПИС НА РАБОТНИ ЗАДАЧИ

Ангажираната агенција за видео продукција ќе биде одговорна за целокупниот процес (претпродукција, снимање на терен, монтажа и постпродукција). Закажувањето на снимањето на дефинираните локации ќе биде во координација со проектниот тим.

**Времетраење на видео:**
Финалното видео треба да трае најмногу 7 минути (420 секунди). Засебни видеа по тип на активност односно целна група треба да бидат развиени.*

**Период на испорака:**
10 март – 15 април 2026 година

**Локациско снимање:**
Реализација на снимање во 10 – 15 училишта во различни општини. Патните трошоци се обврска на агенцијата за видео продукција и се вклучени во цената.

**Содржина на видеото:**
Агенцијата потребно е да подготви концепт (сценарио) за видеото, кое ќе биде финализирано заедно со проектниот тим. Концептот треба да содржи и предлог прашања за интервјуа со разни чинители.

- Интервјуа со ученици
- Интервјуа со наставници
- Интервјуа со стручни соработници (и директори)
- Интервјуа со родители
- Интервјуа со универзитетски професори
- Интервјуа со претставници на институции
- Видео приказ на резултати од ученички иницијативи и настани

**Формат на видеото:**

- Long-form видео (16:9) – наменето за YouTube/Facebook.
- Short-form видео / Teaser (9:16) - наменето за TikTok/Reels/Facebook.

**Техничка обработка:**
Монтажа, колор корекција, обработка на звук, вметнување на превод, наслови и задолжителна видливост (дисклејмер и логоа) на донаторот и проектот.

**Превод на продукт**
Целосниот наратив треба да биде со превод на албански и англиски јазик.

**Дисеминација и промоција на видеото**
Агенцијата треба да обезбеди поддршка на Проектот при дисеминација на видеото во јавноста

**КРИТЕРИУМИ ЗА СЕЛЕКЦИЈА**

**Апликантите треба да ги поседуваат следниве квалификации:**

- Да е регистриран правен субјект во Р.С. Македонија
- Искуство во видео продукција, снимање и монтажа (пожелно искуство со storytelling формат)
- Претходно искуство во соработка со граѓански организации и / или образовни институции
- Технички капацитет (опрема за снимање во висока резолуција, аудио опрема)

При селекцијата ќе се бодува Претходното искуство на компанијата, Концепт за подготовка на видеото и Финансиската понуда. Вкупниот број на бодови е 100 бода, а висината на бодови ги одредува интерната комисија за евалауција врз основа на следната распределба:

- Претходно искуство на компанијата (30 бода)
- Предлог концепт за видеото (40 бода)
- Финансиска понуда (30 бода)

Понудата со најниска цена на чинење на услугата, добива максимален износ од 30 бодови на финансиската евалуација. Другите понуди со повисока цена на чинење, ќе бидат бодувани во согласност со следната пресметка:

| | |
|---|---|
| Најниска понудена цена<br>________________<br>Понудена цена | x 30 |

**ВРЕМЕНСКА РАМКА И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ**

Активностите треба да се реализираат во согласност со планот на проектот, со краен рок за испорака на сите материјали најдоцна до 15 април 2026 година. Динамиката на снимање ќе биде договорена во координација со проектниот тим.

За реализацијата на оваа активност достапни се средства во максимален износ од 5.000 евра (во бруто износ). Начинот на исплата ќе се регулира со взаемен договор и може да се промени во зависност од динамиката на активностите и испорачаните продукти.

| **Опис на задача** | **Краен рок на испорака** |
|---|---|
| 1. Комплетирање на концепт / сценарио за видео | 15 март |
| 2. Теренски посети и снимање на материјал | 08 април |
| 3. Обработка на материјалот и подготовка на финален продукт | 15 април |

## 4. ПОСТАПКА И ПРАВИЛА ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ, РОК И ИЗБОР

Овој повик е јавен. Секој правен субјект што ги исполнува потребните квалификации може да се пријави на овој повик со поднесување на следните документи:

- Писмо за интерес
- Портфолио на компанијата (кое ќе содржи најмалку 2 линкови од претходни слични продукти - вклучувајќи период, име на клиент и резиме на реализирани активности)
- Предлог краток концепт за видеото (сценарио)
- Тековна состојба на правниот субјект (не постара од 6 месеци)
- Финансиска понуда – во рамки на предвидените средства (со вклучен ДДВ).

Документацијата треба да се достави на следната е-маил адреса: sega@sega.org.mk со назнака: Пријава на јавен повик за ангажирање на Агенција за видео продукција.

**Краен рок за доставување на апликациите е 13 март 2026 година.**
Апликациите кои ќе пристигнат по наведениот рок, како и оние кои не се доставени според условите на повикот, нема да бидат земени предвид. Апликантите ќе бидат информирани за исходот од постапката на евалуација на апликациите.

За подетални информации поврзани со повикот може да не контактирате на е-маил адреса: sega@sega.org.mk, најдоцна до 10.03.2026 година.